


**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Посебно место меѓу Македонците од Долна Преспа зазема Богоја Фотев од Герман кој беше револуционер и претседател на Президиумот на АСНОМ. Тој е македонски револуционер, државник, носител на Партизанска споменица 1941. На Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944) бил избран за член на Президиумот на АСНОМ и за прв повереник за финансии. На Второто заседание на АСНОМ (28–30 декември 1944) бил избран за повереник за земјоделство, по што се ангажирал за успешната пролетна сеидба. На Третото заседание на АСНОМ (14–16 април 1945) бил избран за член, а во пролетта на 1945 година бил избран и за претседател на**

**Президиумот на Народното собрание на Македонија. По Резолуцијата на Информбирото како неподобен засекогаш бил отстранет од сите функции**

Богоја Фотев  е роден на 14 август 1900 година во селото Герман, во Долна Преспа, во егејскиот дел на Македонија. Како син на преспанскиот војвода Наум Фотев Геровски, член на ТМОРО и учесник во Илинденското востание, Богоја Фотев уште во раното детство бил задоен со револуционерни идеи. По задушувањето на Илинденското востание во 1903 година, татко му Наум бил еден од првите Преспанци кој со неколкумина емигрирал во Соединетите Американски Држави, но, веќе во 1904 година се вратил во родното место. Десет години подоцна, во 1924 година, семејството на Богоја Фотев се преселило во битолското село Бистрица. За тоа време Богоја се школувал, најпрво, во родното место, а потоа во Битола и Охрид.

Инаку населбата Бистрица, каде Богоја Фотев го помина својот живот и каде се наоѓа неговото вечно почивалиште е оддалечена 5 км од Битола. Таа се наоѓа на регионалниот пат Битола-Драгош кој води до граничниот премин со јужниот сосед. Често за Битрица се вели дека е ни село ни град, од каде потекнуваат поголем број видни личности во општественото живеење на Македонија

По Првата светска војна, поточно во 1924 година, во тешката економска криза која владеела во поделена Македонија го натерала Богоја Фотев неколку години да замине на печалба. По двомесечно патување преку Австрија, Швајцарија и Канада пристигнал во Соединетите Американски Држави, каде работел две години во сојузните држави Илиноис, Мичиген, Охајо и Пенсилванија. За време на престојот во „ветената земја“ го чувствувал тешкиот печалбарски живот и како работник во фабрика за автомобили се разбудил неговиот револуционерен дух што го доближил до работничкото движење.

Во есента 1926 година, Богоја Фотев се вратил во Македонија и активно се вклучил во општествено-политичкиот живот. Во текот на 1933 година, на општинските избори во село Буково влегол со своја кандидатска листа за општински советници, но неговиот избор го спречила власта. Меѓутоа, тоа не го попречило во 1936 година да се приклучи и да учествува во активностите на Македонскиот народен покрет (МАНАПО), формиран по иницијатива на македонските студенти од Загрепскиот и Белградскиот универзитет.








[illegible]



Пишува: СЛАВЕ КАТИН
www.slavekatin.com
slavekatin@gmail.com